ОЛИВЕРА СТАНКОВСКА



РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ

ОЛИВЕРА СТАНКОВСКА

РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ

Дата ПЕСНОПОЈ
Битола, 2013 година

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА
Дата ПЕСНОПОЈ – Битола

Едиција: **КНИЖЕВЕН СВЕТИЛНИК**

Оливера Станковска
РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ

Рецензенти:
Драган Тасевски
Илија Мерковски

Главен и одговорен уредник:
Илија Мерковски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1

СТАНКОВСКА, Оливера
Разговор со животот / Оливера Станковска. - Битола : Дата
песнопој, 2013. - 98 стр. ; 20 см. - (Едиција Книжевен светилник)

ISBN 978-608-4638-43-8

COBISS.MK-ID 93162250



Книгата **РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ** на поетесата ***Оливера Станковска*** носи награда **КНИЖЕВЕН СВЕТИЛНИК**





Не сум поет,
едно зрно во песокот сум,
под ова ведро небесно синило
кое го бара
своето место под сонцето...

ШТО Е ЖИВОТОТ?

Да се радуваш, но и да тагуваш истовремено. На моменти да стравуваш. Да се соочуваш со разни предизвици кои ти се наметнуваат. Несигурноста и вербата твои верни сопатници да бидат. А над сето тоа, визијата за подобро утре и љубовта да те поведат по вистинскиот пат.

Постојат моменти во животот кога застануваме на животната раскрсница. Се соочуваме со гласот во тишината и се запрашуваме:

„Кој сум всушност јас?
Која е смислата на мојот живот?
Кој е патот по кој треба да зачекорам?“

И во тие моменти, длабоко пониираме во себе, во сопствената душа. Заронуваме во најранливиот дел од нас, на кој му се препуштаме да не поведе низ лавиринтот на животот, предавајќи се со полно срце верба, надеж и љубов.

Можеби патот по кој зачекоруваме не е како во нашите сонови. Преполн е со неизвесности и препреки кои во одредени моменти допринесуваат нашиот дух да опадне.

Но човекот е како галебот на своето небесно патување. Неговиот лет осцилира и во моментот кога помислуваме дека губи снага, пропаѓа, тој повторно го продолжува својот прекрасен танц на животот.

Да ги осознаеш сите убавини кои ти ги нуди животот, да ги откриеш сите животни вистини, но во исто време да ги одбегнеш замките кои животот ги поставува – веруваj, си го препознал Божјиот глас во тишината кој те води кон вистинската цел, поради која навистина постоиш!

Најголем дар од Бога е да се опстане во овој реален свет, во ова немирно време, сред голем број промени, но пред сé да се биде човек со полно срце љубов и надеж за подобро утре.

Да го почувствуваш допирот и топлината на сончевите зраци, мирисот на утрата кои го исполнуваат срцето со радост и љубов е чувство кое не секој од нас го има допрено.

Затоа, да го отвориме своето срце, кое понекогаш отчукува како срцето на плашливиот зајак. Да ѝ дозволиме на љубовта околу нас, да не помилува и да допре длабоко во нас. Бидејќи, ни зрното бисер не може да го открие својот сјај, доколку е затворено во школката која е заробена во длабочините.

Ние сме творци на нашиот живот и секогаш го заслужуваме токму она што тој ни го нуди. Понекогаш комплициран, но премногу едноставен, сепак животот е прекрасен!

Да го живееме секој ден, како да е последен!



„ Не затварај ја птицата во кафезот.
Отвори ја вратничката и дозволи таа да полета.
Нејзината мелодија ќе биде најубавата симфонија
која некогаш ја имаш слушнато“!

„ Животот е витражна стаклена рамка,
секое парче стакло посебна приказна носи“!

МЕЧТАЕЊЕ

Животе мој
од Бога подарен,
те чувствувам
како здив пролетен
во мојата градина,

те препознавам
по мирисот на опојните рози,

со нежен допир те милувам.

Но од дланките ми слизнуваш
и како сенка се криеш
под белите листови на расцветаниот божур.

Постојано се бараме,
постојано се разминуваме

и почнувам да талкам по беспаќата,
помеѓу сонот и јавето,
помеѓу стравот и неизвесноста,

се вртам во круг од мечти,

согорувам во пламенот
на оганот кој догорува
со сета своја немоќ...

Животе немирен
за момент застани и успокој ме.
Успокој ја мојата немирна душа
и дај ми одговор
на безброј прашања нејасни, неодговорени,

сокриј ме под твојте пазуви
и не дозволувај пролетниот сон во моето срце
да го избришат дождовните капки
кои полека се слеваат
од темниот облак кој се надвисна над нас

и дозволи ми
да мечтаам опијанета од мирисот
на шареният крин во мојата градина.

„ Кога гледаш со очите, дел од светот пред тебе се простира.
Кога гледаш со срцето и чувствуваш со душата, целиот свет на дланка ти долетува“!

ДУШАТА НА ЖИВОТОТ

Потонуваме полека
во длабочините
на растрепериот живот,

среќата и радоста
недопирливи сенки,
се повеќе зад нас
се помалку пред нас се

и ги губиме
своите души невини,
забораваме на ладното чело оросено од пот
додека го градевме темелот на нашиот живот.

И не сме веќе луѓе,
птици грабливки сме
на сопствените судбини,

за тронка слава и моќ
душата своја ја продаваме,
сопствената мајка
во канџи на орли прегладнети ја предаваме.

Се губиме
во немирот на времето,
галопирајќи газиме сé под своите нозе,

итаме по смислата на животот
со лица себични,
лицемерни,
со љубомори страсни оковани,

се преплетуваме во мрежи
чвор до чвор сплетени

и веќе не живееме



уште од мугрите
планина товар каења
на плеќи понесуваме

и не нема
до оние на кои им требаме,
не има до оние кои нам ни се потребни...

Животе ти прегладнет
сал невини жртви ловиш
пред себе трофеј до трофеј редиш.

Зарем и ти душата своја ја загуби?

„ Патот низ лавиринтот
можеби е долг и макотрпен,
но секогаш има крај“!

РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ

Несвесни за своите чекори,
како во бунило
напред, назад, наоколу
во кругот на времето

чуден круг

низ тунелот на животниот лавиринт.
Сал одек се слуша,

а неизвесноста се поигрува
не мами во нови надежи

и надитрени зачекоруваме,
но чекорот запира

и силно веруваме
дека тука е крајот

несвесни дека постои само напред
и нема назад,
точка ставаме.

Но точката во запирка преминува
и нашето наивно талкање продолжува,
до еден момент на радост
до тронка среќа
која надеж низ вени вбризгува

и ни се присторува дека до сините облаци
допираме,
врвот го досегнуваме,
се до момент
кога запирката точка станува

и преплашени
дека се има свој почеток и крај
лакомо ги дојадуваме докрајките од животната
погача,
бараме спас во љубов бескрајна,
за неа молиме
и за момент се запрашуваме

дали љубовта доаѓа како одек на нашата
длабока молитва,
од нашите воздишки тешки
кои повремено
од душата се откорнуваат,

дали љубовта е плод на нашето постоење

и дали љубовта секогаш
точката во запирка ја претвара

а сé друго е илузија?!

МАСКЕМБАЛ

Кога сме деца,
детската игра наивна,
палава
многу бргу ни досадува.

Грбот го вртиме
и толку посакуваме
што поскоро во светот на возрасните да
зарониме,

а тогаш,
зошто тогаш се предомислуваме,
сакаме повторно деца да бидеме
со невини срца
и души бел памук
по ширните полја.

И мечтаејќи,
заглавени во сопствените навики
ко риби на суво,
постојано вознемирени,

одвреме навреме
на животот се препуштаме,
моменти кратки крademе
и следниот миг повторно
ко ларва во сопствениот кожурец се собираме.

Самите себеси не се препознаваме
под маските
кои постојано кружат,
без почеток и крај.

Да,
чуден маскембал е светот на возрасните.

Прифати ја играта,
да истраеш,
да преживееш!

„ За да можеме да го истражуваме животот,
мораме да бидеме искусни ловци“!

ЛОВЦИ НА СВЕТЛИНАТА

Не сме ние вечни
тўка на земјата,
обични сме минувачи
низ минутите,
деновите,
годините
кои стариот расклатен часовник
тивко ги одбројува

не сме ние вечни
тука на земјата,
одек сме на нашите чекори по патот
водени од својата душа кревка,
но толку неуморна.

Не сме ние вечни
тука на земјата,
ние сме само
трагачи и ловци на непознатото,
пеперутки желни за светлина,
божји синови и ќерки

се раѓаме, живееме и умираме,

но секогаш зад себе траги оставаме.

КРИКОТ НА ЖИВОТОТ

Прибирам
делови од твоите скршени крилја,
низ ширниот простор
разнесени при летот во бескрајот
кога се подадовме
со невини детски срца,
помамени
од портокаловиот одсјај на сончевите зраци.

Прибираш
ронки од моите сронати крила
од последниот лет,
понесени од немирниот дух на ветрот,
да ги составиш во целина.

И рака под рака,
продолжуваме
долж патеката
по која чекори твојата сенка
животе наш неумолен,

сенка која ја пратиме
од нашето зачнување,
се до задниот суден час.

И ти ми велиш тивко,
а јас тѝ шепотам уште потивко
како сал засебе да говориме

истрај ти срце растреперено,
истрај во моменти
кога крикот ја ремети тишината!

„Ако сакаш мир во душата,
дозволи му на гулабот
да се насели во твојот дом“!

ДЕЛ ОД ДУШАТА

Кога животот ја грицка душата,
како црвот зрелото јаболко

(однадвор румено, одвнатре труло),

воздивнувам тешко пред прашањето
кој дел од душата останува?

Дали оној што носи трулеж
и се населува во безживотно тело,
со скротени животни нагони
кое тлее и полека согорува
чекајќи го само одекот на црквените камбани

или

она мало но значајно парче
од кое сé уште извираат чудни сили,
кое во одекот на гласот
кој се прикрадува во длабоката тишина
сé уште прелистува слики,
преслушува зборови недоречени,
болки непрежалени

и населува мигови
кога солзата се колеба
да го започне своето патување,
од аголот на окото,
низ браздите на лицето свенато
до аголот на жедните усни,
да ги оживее до насмевка

за благи сеќавања
и топли спомени
незаборавни.

И со насмевка блага
тивко се запрашувам,

дали солзите ги лечат раните,
ги премиваат нивните траги
или се само одишка во еден момент?!

Солзите можеби не ги лекуваат раните, но без нив останuваме покуси за едно блажено чувство, прочистување.

Без кое сиот гнев, бес, болка, радост длабоко ги потиснуваме во себе и создаваме едно безживотно тело.

Најголем дар е доколку солзата ја претвори болката во насмевка, пропратена со ред зборови:

Тоа е дел од мене, моменти кои допринеле да бидам тоа што сум!

„ Солза до солза –
животен гердан нанижан,
со насмевка закитен“!

ПРОШТЕВАЊЕ

Ги простувам
сите гревови
на наивното човечко битие,
кое потклекнува
пред замките на ѓаволот.

Простувам
на сите неуспеси,
кои како чворови на макрамеи
се заврзуваат и одврзуваат
по патеката на мојот живот.

Ти просувам и тебе,
мил Господе
што понекогаш
во амбисот на искушенијата ме фрлаш,
ја предизвикуваш
мојата зајачка плашливост,
ранливост,
или пак истрајност?!

Простувам за сé
животе мој неумолив
и немразам

Дали неумеам?
Дали неможам?

Или пак не сакам
моменти на радост и љубов да одземам
кои и онака се помалку ги има.

И ги грабам лакомо,
гладна и жедна за нив,
ги грицкам
како парче од свежо испечен сомун,
ги испивам
како старо црно вино

и себично ги сокривам
во сефот на моето богатство,

наутро ги отклучувам
навечер ги заклучувам,
а ноќе,
ноќе клучот
длабоко во моето срце го сокривам.

„ Гласот зад затворена и низ отворена врата има различна боја!”

ВО ДЛАНКАТА НА ЖИВОТОТ

Животе мој од Бога подарен,
понеси ме во прегратката своја,
препелкај ме
низ твоите огромни груби дланки
и своите долги прсти,
како ситно зрно песок
од едната на другата страна,
од еден на друг крај
до дното
и пак до височините.

Сокриј ме за момент
од налетот на ветрот
и бурата која коси наоколу,
да почувствувам сигурност
во прегратката твоја.

Дозволи ми полека да запловам
низ крвотокот твој,

заплискувај ме со бранови
од твоите разбранети води,

но знај се ќе поднесам,
од се ќе побегнам,
но како да побегнам од себе?

ВЕРБА ВО ЉУБОВТА

Што е животот?!
Денес постоиш,а утре...

Тешки чекори по калдрмата одекнуваат,
темни лица ги влечат своите нозе
тешки како олово

и како коњи зауздани
со прекратен галоп,
а во гради тежини,
грутки надвиснати

да се преживее!

Сенки демнат,
горчливи судбини

и да сакаш неможеш
и да гледаш, не досегаш
и да можеш,
не смееш
а се прашуваш
што е тоа што смееш?

Судбини тешки,
кога би можеле
барем еднаш со душа ангелска,
полна со љубов
кон овој живот да погледнеме.

Со верба
во магијата на љубовта
која чуда чини,

магија
која и темнината во светлина ја преторува.

А Ти
Божјо лице,
впери поглед во испуканите раце,
во лузните на душите страдни,
погледни во тие очи насолзени
кои знај, не попусто плачат

и подели го колачот на судбината
подеднакво,
на секое чедо
под ова ведро сино небо!

„ И болката понекогаш знае да биде корисна,
тогаш кога е потстрек за големи нешта“!

ЖИВОТ

Коленичам пред тебе,
полски цвету на долините,
небаре треба
само раце да подадам
од притаен мир да те пробудам.

Да се родиш,
подарок од Бога е!

Да почувствуваш цветен мирис
во срцето свое,

да расцутиш
со нежност и трепет
и чиста љубов
од илјадници цветни ливчиња
во најразлични бои.

О, цвету волшебен!

Пред мене прекрасен пејсаж
во јасна светлина
и секоја твоја латица
една приказна за себе

овој живот е прекрасен!

„ Животот е патека, која мораме да ја поминеме.
Нечија пократка, нечија подолга.
Испреплетена со тага, бол, солзи, радост, љубов.
Неговата убавина се согледува во нашите чекори“!

ПОГЛЕД ВО БЕСКРАЈОТ

Животе мој,
ако ме прашаш која сум?!

Дали би знаела одговор да дадам?
Знам, сонцето почива
во соновите на мојата душа
и со одблесокот на светлината
запишувам зборови без глас,
ја реметам тишината
во бескрајниот простор,

со широко отворени порти
на срцето разиграно
го крунисувам своето постоење
на престолот на љубовта,
помилувана со раката
на ангелот Божји

и со лакот и стрелата
ја свирам синфонијата на мојот живот,
проникнувајќи
во длабочината на душата
разгалена од тивка приспивна сонувалка

и со очи длабоки,
на дете,
поглед вперувам во записите на времето
трагајќи по вистината.

Чувствувам, ветер сум немирен
во илјада пролетни утра,
кој тагата и радоста
како пердуви лесни
ги вее низ воздухот.

Го положувам моето срце
и душата моја на полјата зелени
трагајќи по среќата со четири листа

и испуштам длабок крик до небесниот свод
прашувајќи се постојано,

дали патот без трње
е вистинскиот пат кон среќата?!

И сонувам,
летна бура сум во мугри на изгрејсонце,
чии водени капки се впиваат
во брановите на моето немирно срце...

Кога би можел, барем еднаш
со мојата душа бескрајот да го погледнеш
и да допреш до сржта на неговите коски,

дури тогаш ќе дознаеш која сум!

МОЕТО ИМЕ Е ЉУБОВ

Побарај ме,
некаде на ова парче земја
постојам во едно катче,

пòмилувај ме
со својот нежен допир
и шепоти тивко
зборови неискажани, недоречени.

Побарај ме во расцветаната роза
каде за мо́мент застанав
да се одморам од своето талкање
и собери го сокот од нејзините цветови
да ги наквасам моите жедни усни,

симни ги звездите од небото
да ме стоплат со својот сјај,
да ми го осветлат патот
по кој се движам и

повикај ме,
моето име е љубов!

Подај ги дланките,
да допреш до мене,
да те поведам далеку со себе
на моето патување низ времето.

ГАЛЕБ

Во полето на небесното синило
со бескрајна нежност,
трепет, љубов
и раширени крилја
ти галебу бел
танц изведуваш
среќен, игрив.

Сам во височините,
горд и мил,

танц на животот,
можеби прв
можеби последен,
можеби...

Од колку струни
гласот твој е створен
прекрасна убавино
воздигната високо,

со лет
кој од гради восхит откинува
и здивот за момент го одзема.

Твојата моќ опијанува
и некоја чудна сила дарува,

во твојот летен танц
мој галебу бел
животната игра
таинствено се преплетува.

И кога за момент
помислувам
дe̋ка почнуваш да паѓаш, пропаѓаш
и чинам летот твој прекрасен завршува

твојата палава игра
галебу нескротлив продолжува,
ко немирен бран се распенува
и повторно
и одново продолжува,

Кога би можела
дали би умеела
само за момент
дел од твојата душа
во градите мои да пренесам
и храброст од твоето срце да земам,

барем за момент
да го почувствувам
тој небесен танц
во душата моја пробудена.

„ Стравот е најголемиот непријател со кој се соочуваме во животот.
Тој не дозволува да го преживееме сето она што ни е од Бога дарувано“!

БЕЛ ЛЕБЕД

Ти немирна водо,
полудено море
што пенливи бранови носиш

о, немирно време
што сонови од душа срони
и бреме на кревки плеќи носиш,

понеси ја и болката клета
што умре во квечерината тивка

и престориме во бел лебед,
на немирот да пркосам
на тивка љубов да се предадам,

рајски предели,
приспивни песни
и тивки молитви
под свилени разиграни крилја
да свијам и да појдеам каде?

Кон патот
под закрила на Божјиот глас,
се додека не ме помилува
Божјата милост во мојата душа!

ДЛАБОКО ВО СРЦЕТО

Потонувам
во немир бескраен,
илȕзии ме преплавуваат,
трепет во душата сонот ми го одзема

и како птица исплашена
како галеб со скршени крилја
бдеам во ноќите долги
пропаѓам, тонам
а во грлото грутка...

Допри го срцето
птицо немирна лекокрила,
зарони длабоко во него
можеби токму таму
ќе го најдеш пдговорот за сите мои немири.

Моето срце
санта лед нестопена
гордо на сонцето пркоси.

Осамен поглед, одсатен
во далечина гледа
плачам, се смеам, молчам

Ангелу Божји
стопи ме полека
ко снег в пролет,
пробудиме
и живот в душа моја дарувај

копнеж и надеж,
еден миг радост
и насмевка разлеана, љубов растреперена,

рајска градина
и мирис на опојни рози
во срце да ми царува,

зошто виножито од рози
низ коси да плетам
желба е моја.

Нека ми е простено
за сите мечтаења недовршени,
за немирот што ме обзема,
за тагата што длабоко
во мене се скрила,

нека ми е простено за се
од денес за живот се менам.

„ Положи ја својата душа на крилјата на животот и започни го својот лет“!

НОСТАЛГИЧЕН МОМЕНТ

Кога ќе почувствуваш,
мо̀мент носталгичен
кој шарен вел од спектар бои
околу тебе плете,
пајакова мрежа
ситна чипка, ред до ред,

посакај же́лба неостварена,
посакај насмевка блага долго посакувана,
една дланка кон тебе подадена

и кога погледот во недоглед
бесцелно лута,
небаре нешто и некого бара
и мислата како во некој чудесен свет
од светот на бајките
сказни реди, песни пее
златни ноти запишува,

посакај зборови милни
посакај лик за тебе драг,

отсонувај го секој момент на занес
и на камена плоча со длето
исклесај ја секоја нота разиграна.

Допри ги боите на виножитото,
во ливада зелена од роса натопена
шарен килим постели
и нежно, полека
своето немирно тело на него положи го

и посакај глас милен тивок
ликот да ти го погали,
бранови топли да заплиска
срце да ти стопли,

како пеперутка полетај во рајската градина
погали цвет невин
кој нежно се ниша сред ливада расцветана
и со милни детски очи
во тебе гледа,

распостели ја душата своја,
расеј го немирот од срцето свое,
промени ги боите на виножитото

нека бидат сини,
сини како небото,
сини како водата во потокот крај ридот што жубори,
сини како слободата.

И предај се мирно
на моментот кој ти се дари,
молчи, ништо не зборувај!
Остави го чувството длабоко
да те заслепи за момент со својот сјај.

ТАА НОЌ КОГА ПЛАЧЕВ

Таа ноќ кога плачев
темни облаци на небо надвиснаа
и крупни дождовни капки
носеа се пред себе,

таа ноќ кога плачев
минатото, сегашноста
и иднината
во едно се споија,

сеќавања
испреплетени со радост и тага
и реалност на овој момент
кој околу мене мрежа плете

и копнеж и желба
за иднина,
време пред мене
за кое желнеам, тежнеам.

Таа ноќ кога плачев
ја почувствував семката
посадена од мојот живот
како 'рти во длабочината на мојата душа,

семето на мојот живот,
кое животен цвет создава,
со мирис опојува
и лузните од животот ги зацелува

и молитва
рој зборови од усни излева,
небаре милост од Бога бара
и одговор на прашања безброј.

Може ли да се издржи и продолжи
кога на момент потклекнуваш?

Може ли радост да почувствуваш,
кога храброст немаш
и на работ на очајот стоиш,
кога одекнува гласот на непознатото
и страв те преплавува во мислите?!

Господе послушај ја молбата моја,
желбите проткаени во неа
и благослов твој дај!

Посади среќа и мир,
добрина во срцата милни,
насмевка на лице да блесне

и од солзите на очите уплашени
јато птици да се изведат
и во широт небесен
летот свој да го започнат!

Таа ноќ кога плачев,
мојата молитва
како дар небесен во моето срце се сви.

„ Секое добредојде има своја убавина и милост, но
само едно од нив е мелем на душата.
Тоа те пресретнува на раскрсницата на животот и
одговара на дилемата,
на која страна да појдеш,
ти го покажува правиот пат“!

БУДЕЊЕ

Се буди сонот,
несвесното во свесното
се преплетува,

на постела
со раширени зеници
на модрите очи,
душата го отсликува
црвенилото на изгрејсонцето,
со бесмртни бои го црта.

Од небесната височина,
како опојна магија
се буди цвет
што бескрајно блеска
и ги разлазува своите ластарки
по звездените скали на животот,

како ноќен гласник
кој единствено го разбира
шепотот на тишината.

„ Молбата во тишината допира токму таму каде
треба, во Божјите уши,
кој ни дарува едно големо – издржи!
Како амајлија која не води низ животот“.

БЛЕСОК ВО ОЧИ

Дал постои смеа без плач,
без кристални солзи
низ лице разлеани,
ко капки од пороен дожд
кои се цедат од надвиснатите стреи.

Дал постои иднина без минато,
без спомени
кои извираат од длабочината
на изворот планински,

дал постои ноќ без ден,
сонце без ѕвезди трепетлики,
радост без болка стара,
плитка или длабока
врежана, неизлечива
како плевел преплетена.

Дал постои љубов,
без блесок во очи,
како отсјај на ѕвезда Деница,
како ѕвон ѕвонлив
во срце што допира.

„ Постојат зборови, кои како пердуви на ветрот
одлетуваат во далечините.
Но постојат зборови оставени со дланката на
тишината,
кои како сенки постојано не следат“.

МОМЕНТ НА СРЕЌА

Планински венец во недоглед,
бескрајна шир пред мене.
Чекорам полека
сон чуден
моите мисли ги преплетува,

чудна тишина
силен пламен во градите
и искри во очите
оган разгоруваат.

Само за момент
милозвучен тон в срце ми бие,
како часовник
кој минутите ги брои,
како бран што плиска во брегот песочен.

Зрак светлост
во длабочината на телото заронува

наслутувам,
препознавам,
посакувам.

Илјадници зборови
не се доволни
овој момент да го опишат
и не може никој и ништо
да го замени

и заборавам на се,
на годините кои во себе ги носам,
на тешкиот товар
кој на плеќи натежнал.

Немирно дете
повторно во мене се раѓа,

започнувам танц
по росната трева
со коса расплетена
со вел од цветови закитена,
како лулка на ветрот се лулеам

Да, тоа сум јас!

О, животе немирен
о, колку неправеден
заробени во минатото
со маски на лицето
чекориме низ овој живот
кој ти ни го даруваш.

Дали сме тоа навистина ние?
Каде е скриено нашето вистинско „јас“?

НЕБЕСНО СИНИЛО

Бисер до бисер,
бисер гердан нанижан
послан до бескрајот.

Дали се тоа солзи исплакани
кои приказни сказуваат
со болка преплетени?

Скали во недоглед
пред мене распослани,
чинам до небото водат

пеперутки саренокрили
танц свој шират во бескрајот.

И илјадници цветови
во најразлични бои
се прелеваат од сончевите зраци.

Поминувам со нежен допир
над секој цвет,
кој од чуден страв
латиците свои во пупка ги чува затворени
да неможе никој до нив да допре.

Мојот допир во магија се претвара
и како во бајка
од секоја пупка
прекрасен цвет излегува.

Чувствувам опоен мирис
низ воздухот се шири
и чудна сила ме придвижува,

зачекорувам уште една скала угоре,
долг е патот пред мене распослан
но можам, ќе истраам

да го допрам синилото на небесата,
душата да ја наполнам,срцето да го исполнам

од сонцето зрак светлина
во раце да соберам,
од ноќта звезди да украдам
со гердан од звезди
бело грло да закитам

и со волшебно стапче
насекаде љубов да подарам!

ЕДЕН ДЕН

Кога темнината
со звукот на ноќните труби
ќе го огласи повечерието,
понесена од желба
допрена во виорот на времето
одмотувајќи го конецот на животот

ќе го посадам
аловото цвеќе
во долината на големата река.

На изгрејсонце
љубовта да го помилува семето
со топлите зраци,
да го напои
со водите од водопадот
кои се слева низ карпите удолу

и на зајдисонце,
да го вдише здивот
на неговите прекрасни алови латици.

„ Не се сите зборови како пердуви да ги разнесеш низ воздухот.
Некои од нив треба да ги премолчиш,
а некои да ги прошепотиш во тишината“.

НЕБЕСНИ ОГНОВИ

Љубов?!

Ред чувства,
емоции, опојна магија?

Немирна река
од солзи пролеана,

пајакова мрежа
со болка преплетена.

Бура,
силна олуја
која носи се пред себе,

трепет на срце,
немирен бран распенет

и небесен оган запален
во тело што согорува,

тунел темен
на патот кон небесата
кој на крајот светлост го опсипува,

парче душа
од утроба откинато...

Можеби е
скриен немир
во пранги окован,

молитва,
во квечерина
пред залезот на сонцето

и повторно раѓање
на патот
кон надежта и вербата.

Или пак

љубов е кога молчиш,
а јас знам за што размислуваш

кога молчам,
а моите мисли со твоите една мисла стануваат

и кога очите
сето недоречено
го раскажуваат...

Да, тоа е љубов!

„ Верувај во животот, искачувај се полека по
неговите серпентини
и предади ја својата душа во неговите прегратки“.

ЉУБОВТА НАША НЕПРЕСУШНА

Милостина барам
од твоето срце,
сега кога снагата ја губам.

Да ме вивне во белите облаци,
да ја исткае
љубовта наша непресушна
на синиот небесен свод,
помеѓу времето и просторот,
помеѓу болката и задоволството,
кои одвреме навреме
се поигруваат со нашите души.

Милостина бараш
од душата моја
сега кога снагата ја губиш

и храброст да го прифатиш
тоа што неможеш да го промениш.

Раце подаваме
и дланки поклопуваме,
љубовта наша цврсто ја стегаме
при молитвата
која ја бараме од Божјиот глас.

ТИШИНАТА ЗБОРУВА

Ноќва би можела
илјадници зборови
од моите усни да излеам
и крик длабок од гради
во глувава ноќ да испуштам.

Би можела,
сеќавања и емоции
во твојата душа да пробудам
кои ги избриша
дождот од модрото небо.

Би можела да ти кажам
дека моето срце без тебе
ладен камен на припек е,
и моето тело без тебе
безживотна сенка во ноќта е.

Би можела,
но нека тишината
прикажува наместо нас
додека немо гледаме еден во друг.

СЕЌАВАЊЕ

Еден живот,
мој или твој,
наш,
еден единствен е!

Зарем мораат души невини
да страдаат,
при дарови Божји
од небо дарувани.

Крик длабок од гради
и восклик на птица ранета
пред олтарот на животот положувам,

за сеќавања
од срце,
овде на земјата
и таму на небото,

а во дното
на чашата на животот,
остатоци од капки вино црвено,
минатото, иднината
и вистината.

НЕМИРИ ВО ДУШАТА

Вплетени во играта
на ангелот и ѓаволот,

нӧсени од немири на душата,
се вртиме во кругот
на очајот и надежта

и со радост опејуваме
моменти блажни,
а со тага и солзи
полеваме непреспани ноќи.

Не вовлекува сонот по патеката
со гревови на душата посипани.

И како две фиданки,
се преплетуваме од коренот,
преку стеблото до крошната,
во едно се обединуваме

и од две семиња
изртени и израснати,
вознесени од жарот
кој со години гори во нас,
еден плод даруваме „љубов“!

СЕНКИ

Ноќва повторно
глас продорен
тишината ја ремети.

Со боси нозе
и лесни стапки
тлото под мене го допирам.

Еден сноп зрак
и одсјај од месецот
во душата се рони.

Сонливи очи
Вперени во зидот...

Две сенки се спојуваат,
во едно се претопуваат

си велам

„Дар од Бога кој само мене ми припаѓа“!

МЕЛОДИЈА НА МОЛКОТ

Ако во молкот на тишината,
која одвреме навреме воздивнува
ти се пристори мелодија
на хор од птици гласници

знај,

усните мои неми
и скаменети од молчење
суви, збрани надолу
кои ни крик, ни дума не разлеваат,
тивко мрморат зборови
ко бродови неусидрени
кои начас отпловуваат
и повторно допловуваат,

од пристаништето на мојата
до пристаништето на твојата душа
со порака дарувана пред првиот сон.

Ако го почувствуваш
допирот на мојот здив,
ко ветер те гали
по борите на лицето
и солзи ко сол на рана
кои не плачат, сал печат
и благост од очи собираат
пред првиот сон

знај

тоа е мојата молитва за тебе,
откорната од воздишките на градите,
надоена со милост од душата,
притаена во лулката на копнежот
што цути
ко небесен цвет преплетен
по небесата над нас.

Тоа е плодот
од љубовта моја неуморна
која ги одсликува
боите на циганското лето,
во твојата и мојата душа,
ги расквасува усните ненапоени
и ја прати сенката

твоја и моја,

обединети од болка и радост
од изгрејживот,
до зајдиживот.

НОВИОТ ДЕН

Пригнезди ја тивко
душата моја,
под топли ноти
од грло на славеј откорнато,

помилувај сонливи очи
клепки свои да отвори
во раните зори
од сон да се пробудат,

испрати ја темнината
ко ноќен талкач
да се изгуби во далечините,

напој ми срце
со утрински росни капки,
да не прегорат од горчливи спомени
што в душата тлеат,

запеј ми песна
на младост росна
низ свежо цвеќе
здив што проседа

и просипи ја утринската милост
во новиот ден.

ПЛАМЕНИ ЈАЗИЦИ

Испиваме остатоци
од Божјиот нектар
на краевите на усните разлеани,

капка по капка
ги собираме

малку се
но доволно
да се опијанат нашите души
кои горат

и нека изгорат
во пламените јазици
кои срцата ги опколиле.

„ Со задоволство и многу лесно ќе ти пресудам,
но дали можам тоа самиот на себеси да го учинам“?

ЉУБОВЕН ЗАНЕС

Вознесени од љубовта
која во рани зори
се разнесува по езерскиот брег,
потајно се прикрадува до нас

и во тивката квечерина
со залезот на сонцето
се вгнездува во нашите срца,

воздивнуваме
со копнежот на животот
тука на брегот,
оставаме траги
во здивот на капките вода,
разнесени од брановите
кои ги разладуваат
нашите распламтени души,

опиени од љубовен напиток,
погодени со аморова стрела
тонеме во звездениот спокој
на бескрајната тивка ноќ.

РАЗБУДИ МЕ

Разбуди ме,

во мугрите рани пролетни
со песни на славеј песнопоец
немир во срце да пробудам.

Разбуди ме,

во врели летни денови
со мирис на браноj езерски
мечти во песок да исцртам.

Разбуди ме,

во есенски утра дождливи
со капки сини разлеани
тага в срце да премијам.

Разбуди ме,

во зимски снежни вечери
со танц на оган од каминот
в тело лед да истопам,
но не, не ме буди
кога душава моја немирна
во сонови разиграни
со алтан боја
ликот твој го исцртува.

РОДЕНИ ЕДЕН ЗА ДРУГ

Ме пронајде
на врвот на карпата
бев најситниот цвет,

вознемирен
кој немо гледаше во бескрајот
со своите преплашени очи
додека ветрот
ликот го галеше.

Твојот немирен поглед,
твојата насмевка блага
се поиграа со душата моја

и знаев
од семето на љубовта
двајцата зачнати сме
и родени еден за друг.

Откинувам дел од срцето мое
до твоето место да најде
заедно да пулсираат
во ритамот на овој живот.

НАШАТА ДУША

Душата твоја
топол сон на галеб
во небесна шир раширен

и сноп сончева светлина
во првите пролетни денови.

Душата моја
немирен бран на езерска вода,

бисер во школка
од морска плима
на крајбрежје исфрлен

и снегулка бела
сред небесен танц
на студен зимски ден.

Заедно, споени
нека бидат
една душа во две тела,

нека бидат
летни капки дождовни
жедната земја
со нив да се насладува.

ОВАА НОЌ

Со копнеж
во зениците на очите,
заплovувам
по борите на лицето твое

милувајќи го
со немите зборови
кои воскреснаа од еден нов
поинаков јазик,

кој постојано изронува
од длабочината
на љубовниот вулкан
на душа пробудена

и не сакам да потонам во сонот
каде не те наоѓам,
будно бдеам
над овој миг

и се сладам на вкусот
на љубовниот отров
кои струи во моите вени.

ПЛОД НА ЉУБОВТА

И кога последната грутка
од црната земја
моето тело ќе го покрие,
дојди!

Поклони цвет на мојата душа
која ти го подари срцето свое,
те наслика во зениците на очите,
под своите крила те закрили,
во аглите на своите усни те засолни
насмевка да даруваш
кога твоето име го изговара.

И додека мртвото тело
ќе трепери како лист на ветрот,
солзи од очи ќе капат
жедна земја ќе наквасат
и еден цвет од неа ќе никне,

знај тоа е плод
од една љубов родена!

Полевај го да не загине,
полевај го со љубов и солзи,
нахрани го со топли тонови,
за љубов шепоти му
небаре дете е,
знај дел од мене е!

СРЕДБА

Тивко гасне и овој ден.
Вперен поглед потонува
во созвездието на ноќта.

Една звезда сјајна,
мѐсечина и светлина
ме опсипуваат со илјадници зраци.
Поглед во далечина,
ми се присторува
дека во песната на славејот
глас одзвонува.

Свежина во воздухот,
мирис кој ме опојува
ми го полни срцето.
Ме прашуваш,
зошто погледот ми талка кон небото?

Посакува зрак топлина
облеана од топол збор,
со љубов обвиткан
кој камен од срце отргнува
и милост со ред зборови искажани
од милна уста излеани
на блага душа пријателска.

Талкав долго по него
низ бескрајната небесна шир,
но го открив тука на земјата!

ИЛЈАДА И ЕДЕН ЦВЕТ

Ги распослав моите зборови
во илјада и еден цвет
на ливада росна
во раната зора пред изгрејсонце.

Не го дочекаа сонцето,

ги одвеа ветрот низ воздухот,
се разнесоа како цветот на глуварчето
кој прецвета
и сал белина по ливада шири.

А желбите,
соној неостварени
заедно со нив
отпатуваа во бескрајот.

Да бев сонце,
моите златни зраци
во коси да ги преплетувам,

да бев птица
небесно гнездо во душа да свијам,

да бев песна
од медна усна испеана,
топлина в душа да се разлее
на̀ зајдисонце,

да бев роза
црвена како крвта,
тенок ревер да закитам
близу до срце што лежи,

но,
не бев ни сонце, ни песна,
ниту роза црвена,
бев само жолт цвет
кој прецвета, побеле
се одвеа во недоглед.

ДУХОТ НА СТАРОСТА

Те чувствувам,
пред прагот ми чекориш.
Твојата смеа,
одек на детска игра.

Не ти се плашам веќе
о духу на староста,
отклучи го катанецот
од рајските порти,

зачекори во мојот свет на сништата
по мојата патека
од златна срма на разбој ткаена
со одсјај од сончев зрак осветлена.

Ги раширив крилата
да полетам во бескрајот,
додека ветрот го везе
гобленот на мојот живот.

Не ти се плашам
о духу на староста,
знам ти си дел од мојот животен роман
со разиграни букви пишуван,
ред по ред, буква по буква.

Не ти се плашам о духу на староста,
ти си всадена во секоја бора на моето лице,
а секоја бора во лузна претворена,

денови, месеци, години
болка, солза, смеа,

сонови исполнети и неисполнети,
мигови одамна поминати.

И се предавам
на твојот танц од итрини и стравови,
ме преплавува врелината на бујната младост,
а секој миг од неа
повторно го впивам со мојот здив.

Не ти се плашам
о духу на староста,
знај научив
вистински или во сонштата
како да те одживеам.

А спојот на разиграната младост
и борите на прекрасната старост
ми подарија живот,
ми подарија радост,
ми подарија љубов.

И кога часовникот
ќе ги најави последните мигови
и кога темната земја
моето тело ќе го покрие

со последен здив и солзи
ќе напишам ред зборови на небесниот свод:

„Тука почива душата
на младоста и староста,
во прегратка цврста згрнати,
во едно сплотени“.

МИЛОСТ

Мајко Божја Богородице,
ти која по патот ме водиш
и ми подаваш рака,
цврсто за неа ме држиш
и секогаш велиш...можеш!

Се поклонувам длабоко пред тебе
и милост барам
со радост срце да ми исткаеш,
со среќа душа да ми налееш,
со љубов патот пред мене да го постелеш.

Те чувствувам до мене
твојата добрина и љубов
ко сенка низ животот ме пратат,

од твојот лик и твоите очи
во моето срце сал милост
и блаженство се шири,

а твојот милозвучен глас
кој не го слушам но го чувствувам,
чудна моќ има.

Ти си мојата духовна храна
духовен пијалок
кој го пијам од духовната стена која ме прати

и те молам Мајко Божја Богородице,
ти која секогаш сееш добрина
научи не нас грешните
добрината со добрина да ја вратиме,
покажи ни
како лошото со добрина да го вратиме,

бидејќи
духот на завидливоста,
љубомората,
постојано за нешто и некого трагаат.

Скроти ги нашите мисли погрешни
и љубов ни дари,
Божји благослов

и дај ни вера
во себе и на се околу нас,
љубов ни дај и надеж за подобро утре,

дај ни мудрост
и како што вели Светото писмо
мудрост чиста,
мирољубива, нелицемерна,разумна
полна со милосрдие и добри плодови,

бидејќи плодот на праведноста и чесноста
се сее во мир и ќе го набере оној
кој твори мир.

Благословена биди Мајко Божја Богородице!

ТРЕПЕТ ВО СРЦЕТО

За тебе,
кој рака ми подаде
нежно со поглед ме погали,
две длабоки езера
од твоите очи ми подари.

За тебе,
кој во мојот сон допре
и од сонот јаве претвори.

За тебе,
кој во мојот живот постоиш
и будиш трепет во срцето,

срцето мое
со твоето го претопив,
бисер гердан навезов,
моите гради ги закитив,

го чувам во места скришни,
во места тајни сал за себе

зошто
моја си желба во градите,
солза си во очите,
ангел си во ноќите,

оган кој в срце гори,
пламен кој не згаснува и
и копнеж од соној тивки.

И како две гранки преплетени
низ времето трепериме,
на ветрот пркосиме,
во миговите живееме
на танцот на животот се предаваме.

А како дар на љубовта наша
два ангели бели,

на моите раце слетуваат,
во твоето крило заспиваат,
во нашите срца царуваат.

На мојот сопруг со љубов!

„ И корка сув леб – мед ни се чини,
кога утрата блажени насмевка ги погалува“.

АНГЕЛИ МОИ

Чекам
бдеам, сонувам
зошто знам
кога во сонот веруваш,
тој реалност постанува.

И трагам
во мугрите на утрата тмурни,
тагата и грст стравови
со насмевка блага ги покривам,
во срце стисната,
на усни широко разлеана,

со трепет
ко лист на ветрот
додека солени дождовни капки
полека се слеваат
да ги наквасат, да не пресушат.

И се будам
во тивко дождливо утро
кога зракот на сонцето
сите илузии ги прелажува

и ми принесува дарови
бесценети дарови од Бога дадени

меки рачиња на лице свенато,
очиња сини ко езерски води,
ангели бели прекрасни.

Во мојата душа
гнездо преплетувам,
со мојот клун
храна им подавам,
додека со своето разиграно детство
милозвучна соната свират.

И ќе молчам утре,
ќе молчам друг ден
но денес не

и крик ќе пуштам од душава моја,
низ воздухот да се разнесе
солза од око да искапе.

Зошто денес
со нив и јас се раѓам!

Со љубов за мојата ќеркичка и син,
две души прекрасни!

НЕИСКАЖАНА ЉУБОВ

Има ли песна,
има ли збор
за болка врежана, неискажана

има ли сонце
во ова време тажно,
кога чудно зло
во нашите срца царува.

Непреспани ноќи,
сенки ме демнат од секаде
чекорот мој го следат,
со чувство на страв и немир

и еден сон или јаве се повторува
и весела смеа одекнува,
од детство одамна заборавено.

Нежни звуци,топли тонови
разлеани ноти во воздухот.
Чезнеам за старото огниште
одамна напуштено, заборавено

посакувам уште еднаш
да ме исполни и опои
тој мирис на топла погача

и мајчиниот лик
во кој длабока болка се всадила.

Знак за едно време,
поминато
но дали заборавено?!

Седната крај огништето
рацете свои ги грее,
испукани од ветрот,
остарени од времето.

Колку болка
сокриена, неискажана
во песни сал опеана
го облева тоа срце благо,

како осамено дрво
оставено на милост и немилост
кое ги прави последните напори
да издржи, опстане.

Посегнувам со дланките,
прегратка и бакнеж оставам
на тоа лице благо,

топлина ме обзема во срцето
чувство на радост,
заспивам,
тонам во ноќта.

ЧЕКОРИ КОН СВЕТЛИНАТА

Настанавме и се одвоивме
од утробата на еден прекрасен цвет,
кои не понесе на своите раце
свивајќи ги своите плеќи над нас.

Појдовме,
јас пред тебе,
ти по мене

ми подаде рака да те пренесам
преку брановите на животот,

да чекориме
секој по свој пат,
со една душа и едно срце.

Летавме
покрај гнездата на орлите,
животот се тркалаше
со незапирлива сила покрај нас,

но успеавме да го собереме
сиот сјај од сончевите зраци
во зениците на нашите очи

и појдовме по патот на светлината!

ЦРЕШИ ЗА ПОКОЈНА ДУША

Розови цреши
во корпа плетена
за душата твоја подавам

и палам свеќа,
нека горат лоши спомени
да се претопат
во жолтиот восок разлеан.

Скаменет поглед
во пламенот гледа

и како да слушам
рој зборови од далечина,
кон мене испратени
желби недоречени, за мене наменети.

Посакувам да се вивнам
во сините облаци
горе во бескрајот,

но дали тогаш твојот глас
реалност ќе постане,
дали твоето ладно лице

со топлина ќе се облее
и милост и прошка
од моето срце
во твоето крило ќе свие.

И додека гледам
вѓ сликата твоја веќе изветена
знам,
чувар си мој
кој над мене бдее,
одек си на чекор мој заталкан.

Моите солзи твој неспокој,
моите зборој твоја молитва,
мојта болка твој непребол.

За момент една солза
ко капка роса чинам ќе се пролее
од слика скаменета,

не, не ја бришам
нека силната болка
од мртвото срце
еднаш засекогаш одишка најде!

На мојот татко со љубов!

СПОМЕН

Далеку од прагот твој незаборавен,

не зацелува срце раскинато
од болка тешка
за тебе моја куќа стара, разрушена.

Врамени детски сонови
во себе што носиш

и искра од душата
во цветот на првата младост.

Го чувствувам мирисот на земјата
под која скриено
тагуваат темелите твои

и залудно срцето бие
и залудно болката силно ме обзема

останува сал спомен далечен
за навек
во островот на поезијата запишан.

ЗА ЕДЕН ЦВЕТ

Каков ли цвет
од под трнливи гранки на шипокот
пат свој распослал
и одсјај од црвени зраци
кон сонцето подал
како пламен на оган разгорен.

Една пупка, безброј латици црвени
кадифен цвет сред градина
кој плени со својата убавина.
Се сеќавам еднаш одамна
бев видела еден цвет
но само еднаш, овена.

Можеби дождот од небото задоцни,
Можеби ветрот гранката ја прекрши...

Велам и молам,
расти ти прекрасна убавино
ти знаеш како на ветрот да пркосиш

наслушни тука сум наоколу,
пред ветрот ќе застанам
крилата да му ги одземам,
студот со мојот топол здив да го затоплам
сал живот ко од бајка да ти подари!

На мојата пријателка Радмила Станковиќ

МОЈА РОДИНО

Зошто толку тага
мајко Родино
во длабоки бадем очи свиваш

и со црна шамија
својата убост ја прекриваш,

темен облак
од небесно море тажачки реди
и громови во твојата душа измачена,

зошто горчливи судби
во гради свиваш
и печалбарски солзи
на раселени браќа и сестри
во пазуви собираш

и молчеливо
изгор рани премиваш.

Воздигни поглед
ти мајко Родино,
послушни надеж зборови
од извор на Вардар река пенлива

кои шепоти

и тивко ти гради премива
со меч прободени
и болка лекува,

прашина од думи
низ воздух разнесува
до птици залутани
во краеви далечни

со молба,

за гнезда нови
во старите огништа повторно да свијат

и во твоето камено срце
цвет на надеж да посеат.

„ Кога го допираме дното, не сме потонале.
Тоа е само едно искуство повеќе во нашиот живот
и една скала угоре кон успехот“!

ЖЕНА

Од Божја рака створена,
од кревко ребро извајана
но ко жилав корен на дрво раскошно од земја
никнуваш.

Погледни во себе,
не разранувај рани незацелени,
не вади тули од стари зидови зазидани,
остави ги долу под тремот,
закопај ги во заборавот,
не замаглувај ноќи со здив немирен.

Изрони од покорот на молкот
дозволи и на мислата второ име за твојата судбина да биде
во линијата на животот, длабоко на дланка зацртана.

Отвори ја ширум портата на спокојот,
просветли ги одаите на срце растреперено,
навлези во сараите на душа чиста длабока,
претвори се во Божица на виножитото,
испиј ги капките на надежта и ветувањето, наискап
од пехарот на иднината со твоите дланки допрен.

Разлистај ластарки млади од гранки пресечени,
полетај од гнездото на птици со сронети крилја
и не гаси го жарот во гради што тлее,
со здив топол полулај го, распламти го
предај се на милостини, крепост за душа твоја
со дланки принесени кои живот значат.

И помни си, вездeн помни си,
со ситни букви, но во големи книги си запишана
помни си, вездeн помни си,
најубава си роза од најплодно семе во рајска градина изникната
помни си, вездeн помни си
дека си ЖЕНА.

п.с.
Но не заборавај,
капките утринска роса кои усни ти појат
од здивот на Адам создадени се.

Две тела, една душа,
еден за друг создадени.



Оливера Станковска, родена 02.11.1963 година во Скопје. Средно училиште имам завршено во „Моша Пијаде“- економски смер во Бутел, Скопје и две години на Филолошкиот факултет во Скопје, група Германски јазик и литература, но поради одредени околности немам дипломирано. Со склучување на брак го напуштив родното место и живеам во Крива Паланка. Вработена сум во Авто школа „НИКО“ во Крива Паланка како управител и возач инструктор. Сопруга и мајка на две деца. Но и покрај обврските секогаш наоѓам време за активности кои ме исполнуваат, како добра книга и пишан збор. Дополнително се занимавам со сликање на порцелан и стакло, сликање на платно како и аматерско фотографирање. Во соработка со Занаетчиската комора на Македонија своите производи веќе ги имам изложено на повеќе саемски и други манифестаци.

Кон „ ***Разговор со животот*** “
Оливера Станковска

Пишувајќи ја оваа книга, авторот намерно или не, ги подредил песните во три групи:
- *Песни поврзани*, посветени на животот со кои и самиот автор разговара,
- *Песни поврзани со љубовта* во кои секогаш има топли, има искрени чувства за неа, во неа и
- *Песни кои ги посветил на своите најблиски*, песни преполни со љубов, благодарност и топлина.

Авторот ни советува да го отвориме своето срце, да ì дозволиме на љубовта околу нас, да нè помилува и да допре длабоко во нас.

„ Ние сме творци на животот, вели таа, и секогаш го заслужуваме токму она што тој ни го нуди. Иако понекогаш комплициран, сепак животот е прекрасен! Затоа, продолжува, да го живееме секој ден како да е последен. “

Поетот ја започнува збирката песни со самиот живот, со неговите предности, убавини, но и судбини . Уште во првите страници Оливера Станковска ги поставува трите прашања поврзани со животот. Ги по ставува прашањата за тоа која е, всушност таа, која е смислата на нејзиниот живот и кој е патот кој треба да го чекори, да го изоди во својот живот.

Во првата нејзина песна *Мечтаење* авторот се обраќа кон животот кого го чувствува како здив пролетен во нејзината градина и бара од него за момент да застане, да ја успокои нејзината душа и да ѝ даде одговор на безброј нејасни, неодговорени

прашања и да ѝ дозволи да мечтае опијанета од мирисот на *шареният крин* во нејзината градина.

Продолжува Станковска со *Душата на животот* во која преку нежните и убави стихови укажува на моментот кога луѓето не сме луѓе, кога за тронка слава и моќ *душата* своја ја продаваме, сопствената мајка во канџи на орли прегладнети ја предаваме. Авторот го продолжува *Разговорот со животот,* пишува за *Крикот на животот* во која, меѓу другото, таа му се обраќа на своето срце велејќи:

„ ...истрај ти срце растреперено,
истрај во моменти
кога крикот ја ремети тишината... “

И повторно за животот, повторно за душата која е дел од животот. Бара од него да биде понесена од неговите дланки во неговите прегратки, од едната до другата страна, од едниот до другиот крај, од дното и пак до височините. Меѓу другото, Оливера Станковска со несебични чувства ја искажува и својата верба во љубовта, во животот исполнет со љубов. И токму затоа таа бара:

„ ... Барем еднаш со душата ангелска,
полна со љубов
кон овој живот да погледнеме... “

Читајќи ја збирката песни понатаму, авторот како да нè повикува малку да нè разнежи со своите прекрасни стихови за љубовта, за нејзиното име - љубов. Со многу убав, пластичен јазик, тој нè повикува кај расцветаната роза, да го собереме сокот од нејзините цветови, да ги симнеме ѕвездите од небото кои ќе ни го осветлат патот и таму, тогаш да

го повикаме името **љубов.** Да го дознаеме тоа име, нејзиното значење и моќ. Име за кое авторот вели:

„ ... Љубов е кога молчиш, а јас знам што
размислуваш, кога молчам, а моите мисли со твоите
една мисла стануваат и кога очите сето недоречено
го раскажуваат... Да , тоа е љубов! Од
неа многу немири во душата се јавуваат. Од
две семиња изртени и израснати, вознесени од
жарот кој со години гори, еден плод се дарува,
а тоа е љубовта. “

Зборува авторот за љубовта, за занесеноста од неа, за опиеноста од љубовниот напиток за кој вели:

„ ... Опиени од љубовниот напиток,
погодени со Аморова стрела,
тонеме во svезденuот спокој
на бескрајната тивка ноќ ... “

Пишува понатаму Станковска дека токму од неа, од љубовта, за љубовта :

„... Откинувам дел од срцето мое
до твоето место да најде,
заедно да пулсираат
во ритамот на овој живот...“

Реди стихови за името љубов, за големината на љубовта, за тоа дека родените еден за друг ја сочинуваат љубовта, го прават животот среќен, го сочинува нејзиниот плод нсречен *рожба.*

Создавајќи ја збирката *Разговор со животот*, Оливера Станковска не заборава да создаде и напише топли, нежни и искрени стихови посветени на своите најмили, своите пријатели. На многу убав начин ги излеала чувствата за нејзиниот животен сопатник за кого таа вели:

„ ... Ги пишувам овие стихови за тебе,
кој рака ми подаде,
нежно со поглед ме погали
за тебе кој во мојот сон допре
и од сонот јаве претвори.
За тебе срцето мое со твоето го претопив,
бисер гердан навезив,
моите гради ги закитив...“

Пишува, нижи стихови за нејзините деца кои ангели ги нарекува и за кои вели:

„... И крик ќе пуштам од душава моја,
низ воздухот да се разнесе,
солза од око да искапе,
зошто денес со нив и јас се раѓам! “

Не го заборава ни нејзиниот татко, нејзината љубов кон него. За него, покрај другото, таа пишува:

„... Моите солзи - твој неспокој,
моите зборови- твоја молитва,
мојата болка- твој непребол...“

При крајот на збирката Оливера Станковска не заборава да ги испушти од душата и убавите стихови за нејзината пријателка Радмила. За неа, за благодарноста кон неа, вели:

„... Наслушни, тука сум наоколу,
пред ветрот ќе застанам
крилата да му ги одземам,
студот со мојот топол здив да го затоплам
сал живот - ко од бајка да ти подарам...“

Драган Тасевски

РАДОСТА И ТАГАТА ФРАГМЕНТИ ОД ДОЛГА НАИЗМЕНИЧНА ИГРА, ИМЕНУВАНА КАКО ЖИВОТ кон книгата РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ од *Оливера Станковска*

И на самиот старт на оваа преубава книга полна со премногу чувства, нагласени емоции, едно лирско внесување, една апострофа, едно обраќање до него, до мотивскиот светилник во поезијата на Оливера Станковска, до животот. Тоа е благ насет дека понатаму ќе се рушат сите прегради, кафези, ѕидови кои го затвораат во себе, го изобличуваат елементот живот. Во оваа силна со пораки, мотивска јасна поезија прави книжевни усилби поетесата Оливера Станковска, вешто, суптилно дури и нагласено лирски да го пронесе мирисот на животот како полен низ сите простори, жилки земни се со цел да се одреди самата димензија на вредноста на животот.

Напати поетесата подигната од сигурноста, од мисловно потхранетата желба долго да другарува со животот, возвишено и чувствено од длабината на својата душа извлекува спектар на бои и го обојува со дарена светлина од Бога. Ги прави невидливи тагата и студенилата, ами чувствата на восхит и радост пленат, но затоа пак поетесата минува низ тунелот на животниот лавиринт, значи низ неспокој, мрак, судири, примки кои демнат во зачекорот наоѓајќи се далеку од стреата на сигурноста.

Сепак љубовта е пулсирачкиот сегмент кој како бележит знак, како дародавна со сила аорта се провлекува речиси низ целокупноста на поетскиот сензибилитет во оваа поетска стихозбирка на Оливера Станковска, патем именувана како РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ.

Една мисловна лирика се лее низ одгатливите простори на душата. Но за да се биде мислочитач, истражувач, трагач по белези на животот според поетесата Оливера Станковска треба да се биде моцне добар и искусен ловец и тоа ловец на светлината.

Поезијата на Оливера е одраз на една одредница малечка во барањето, голема во именувањето да се биде постојан бунтовник за убавото, за човековата стојност, да се биде стремеж за краен дострел на еден хуманист кој е задоен да сака, да го сака човекот воопшто. Таа и зборот го упатува на свое место со порака за жедта на човекот да се задоволи со љубов не со омраза и да биде тоа воопштена насока за живеење. Се случува и да се заплаче, но солзата да дојде за да ги измие трагите на темнината на душата, да донесе таа, солзата, насмевка, зашто вербата во љубовта е голема, зашто токму таа темнината во светлина ја претвара и во потполност се сложувам со размислата на поетесата, а и во пораката што ја дава овој трагач на мигови на среќа,мигови на живеење дека:

„ Животот е патека, која мораме да ја поминеме.
Нечија пократка, нечија подолга.
Испреплетена со тага, бол, солзи, радост, љубов.
Неговата убавина се согледува во нашите чекори“!

Со широко отворени порти на срцето се крунисува постоењето во прекрасната симфонија на животот. И како вели поетесата сета убавина на животот се согледува во чекорот кој го правиме во него и со него заедно.

Едно време и еден живот си нашле свој патеписец кој наспроти другиот живот за кого живее испеал прекрасни метафори, персонификации, величајќи го животот и љубовта во него како конституивен елемент. Оливера Станковска верува во животот, затоа таа застанува наспроти него, наспроти сите негови пориви и си глаголи со него на свој необичен начин преточен тој говор во чувства, во цврсти прегратки како вистинска мерка за одредување на желбата за живот.

„ Верувај во животот, искачувај се полека по
неговите серпентини
и предај ја својата душа во неговите прегратки“.

Илија Мерковски

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1.	Што е животот	5
2.	Мечтаење	8
3.	Душата на животот	10
4.	Разговор со животот	12
5.	Маскембал	14
6.	Ловци на светлината	16
7.	Крикот на животот	17
8.	Дел од душата	19
9.	Проштевање	22
10.	Во дланките на животот	24
11.	Верба во љубовта	25
12.	Живот	27
13.	Поглед во бескрајот	28
14.	Моето име е љубов	30
15.	Галеб	31
16.	Бел лебед	33
17.	Длабоко во срцето	34
18.	Носталгичен момент	36
19.	Таа ноќ кога плачев	38
20.	Будење	40
21.	Блесок во очи	41
22.	Момент на среќа	42

23. Небесно синило 44
24. Еден ден 46
25. Небесни огнови 47
26. Љубовта наша непресушна 49
27. Тишината зборува 50
28. Сеќавање 51
29. Немири во душата 52
30. Сенки 53
31. Мелодија на молкот 54
32. Новиот ден 56
33. Пламени јазици 57
34. Љубовен занес 58
35. Разбуди ме 59
36. Родени еден за друг 60
37. Нашата душа 61
38. Оваа ноќ 62
39. Плод на љубовта 63
40. Средба 64
41. Илјада и еден цвет 65
42. Духот на староста 67
43. Милост 70
44. Трепет во срцето 72
45. Ангели мои 74
46. Неискажана љубов 76
47. Чекори кон светлината 78
48. Цреши за покојна душа 79
49. Спомен 81
50. За еден цвет 82
51. Мајко родино 83
52. Жена 85

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА

Дата ПЕСНОПОЈ – Битола

* * *

Едиција:
КНИЖЕВЕН СВЕТИЛНИК

* * *


Оливера Станковска
РАЗГОВОР СО ЖИВОТОТ

* * *

За издавачот:
Илија Мерковски

* * *

Печати:
ПОЛИГРАФИКА - Битола



ISBN 978-608-4638-43-8
COBISS.MK-ID 93162250

„ Секое добредојде има своја убавина
но само едно од нив е мелем на душата.
Тоа те пресретнува на раскрсницата на животот
и одговара на дилемата на која страна да појдеш,
ти го покажува правиот пат“

За сите вас драги мои, кои стигнавте до крајот на овој разговор со животот

од срце,
со многу љубов

Оливера Станковска